ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 54 став (1) точка 1) потточка 1.20 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна 101/25 и 135/25) и член 22 од Правилникот за утврдување на цени за топлинска енергија и системски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.225/23 и 153/24), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на хх јули 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за определување на регулиран максимален приход за вршење на регулирана дејност дистрибуција на топлинска енергија и тарифен став за 2026 година на Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје**

1. Регулираниот максимален приход за вршење на регулираната енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија за 2026 година се одобрува да изнесува 2.595.398.345 денари за дистрибуирана количина на топлинска енергија од 519.817.695 kWh.

2. Врз основа на одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа одлука и согласно Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.65/19, 219/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.19/22, 197/22 и 226/23), се утврдуваат следниот месечен надоместок и тарифен став за дистрибуција на топлинска енергија:

| **Д И С Т Р И Б У Ц И Ј А** | **единица мерка** | **2026 година** |
|---|---|---|
| Месечен надоместок за услуга дистрибуција на топлинска енергија | ден/месец | 38.538.764 |
| Тарифен став по кој дистрибутерот ја продава топлинската енергија на снабдувачот | ден/kWh | 3,4529 |

3. Месечниот надоместок и тарифниот став од точка 2 на оваа одлука ќе се применуваат за грејната сезона 2026/2027 година.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, се објавува и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, а ќе се применува од 1 август 2026 година.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје), до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), достави Барање за одобрување на максимален приход и цена за 2026 година, бр.03-1877 од 28 мај 2026 година, заверено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика со УП1 бр.08-237/26 од 28 мај 2026 година (во понатамошниот текст: Барање).

Кон Барањето ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје, ја достави потребната документација согласно Правилникот за регулирање на цени за топлинска енергија и системски услуги (во понатамошниот текст: Правилник).

Регулаторната комисија за енергетика согласно член 21 од Правилникот на 8 јуни 2026 година го објави известувањето во врска со Барањето на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика.

По објавеното известување, во рокот утврден во Известувањето, до Регулаторната комисија за енергетика не беа доставени мислења и предлози од страна на заинтересирани правни и физички лица.

Регулаторната комисија за енергетика на хх хх 2026 година на својата веб страница ја објави Предлог Одлуката за определување на регулиран максимален приход за вршење на регулирана дејност дистрибуција на топлинска енергија и тарифен став за 2026 година на Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје и ги повика сите заинтересирани страни да достават свои сугестии, забелешки и предлози.

Во согласност со Правилникот, Регулаторната комисија за енергетика со Решение број 02-хх/1 од 16 јули 2026 година свика подготвителна седница на која предмет на разгледување беше Предлог Одлуката за определување на регулиран максимален приход за вршење на регулирана дејност дистрибуција на топлинска енергија и тарифен став за 2026 година на Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје.

На 21 јули 2026 година се одржа подготвителна седница на која беа поканети: членовите на Регулаторната комисија за енергетика, претставници од ЕСМ Производство на топлина ДООЕЛ Скопје, ЕСМ Дистрибуција на топлина ДООЕЛ Скопје, ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје, АД ЕСМ – Подружница Енергетика, ЕНЕРЏИ ЕКОЛИНК АД – Скопје, ТЕ-ТО АД Скопје, претставник од АД АДОРА, претставник од кабинет на Претседател на Владата на Република Северна Македонија, Градоначалник на Град Скопје, Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерство за финансии, претставник од Комисијата за заштита на конкуренција, претставник од Стопанска комора на Северна Македонија, претставник од Стопанска комора на северо-западна Македонија, претставник од Сојуз на стопански комори на Македонија, претставник од Организација на потрошувачи на Македонија, како и претставник од Советот за заштита на потрошувачите на РСМ.

**Податоци од Барањето**

Барањето на ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје е поднесено во согласност со Правилникот и ги содржи следните податоци:

| **Р.бр** | **Опис** | **2026 година** |
|---|---|---|
| 1 | Вкупно оперативни трошоци | 415.947.378 |
| 1.1 | Материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар | 95.089.907 |
| 1.2 | Трошоци за тековно одржување, ремонт и услуги за одржување | 43.197.017 |
| 1.3 | Трошоци за осигурување на градежни објекти и опрема | 695.000 |
| 1.4 | Бруто плати | 183.769.835 |
| 1.5 | Менаџерски плати и менаџерски награди | 1.429.380 |
| 1.6 | Други услуги | 69.169.964 |
| 1.7 | Останати и вонредни трошоци | 22.596.274 |
| 2 | Амортизација | 65.309.096 |
| 3 | Принос на капитал | 23.600.561 |
| 4 | Надоместок за дистрибуција на топлинска енергија за годината t | 504.857.035 |
| 5 | Пренесени трошоци | 67.100.624 |
| 6 | Надоместок за системски услуги и системска резерва | 513.630.298 |
| 7 | Надоместок за набавка на топлинска енергија | 1.880.833.156 |
| 8 | Набавени количини на топлинска енергија во дистрибутивен систем | 589.050.864 |
| 9 | Фактор на корекција | -587.254.821 |
| **10** | **РЕГУЛИРАН МАКСИМАЛЕН ПРИХОД** | **3.553.675.934** |

**Анализа на Регулаторна комисија за енергетика**

Регулаторната комисија за енергетика во согласност со Правилникот започна постапка и изврши анализа на доставените податоци и информации од Барањето на ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје за вршење на регулираната дејност дистрибуција на топлинска енергија.

При анализа на доставените податоци во Барањето, Регулаторната комисија за енергетика го утврди следното:

**Надоместок за дистрибуција на топлинска енергија**

Надоместокот за дистрибуција на топлинска енергија за 2026 година и влезните параметри за негова пресметка се презентирани во следната табела:

| **Р.бр** | **Опис** | **Единица мерка** | **2026 година** |
|---|---|---|---|
| **1** | **Вкупно оперативни трошоци** | денари | **271.969.834** |
| 1.1 | Материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар | денари | 58.863.740 |
| 1.2 | Трошоци за тековно одржување, ремонт и услуги за одржување | денари | 27.410.993 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1.3 | Трошоци за осигурување на градежни објекти и опрема | денари | 209.336 |
| 1.4 | Бруто плати | денари | 139.669.010 |
| 1.5 | Менаџерски плати и менаџерски награди | денари | 1.429.380 |
| 1.6 | Други услуги | денари | 30.889.884 |
| 1.7 | Останати и вонредни трошоци | денари | 13.497.491 |
| **2** | **Амортизација** | денари | **13.921.955** |
| **3** | **Принос на капитал (RA)** | денари | **5.169.230** |
| 4 | WACC | % | 6,53% |
| **6** | **Надоместок за дистрибуција на топлинска енергија за годината t (Nodst)** | денари | **291.061.020** |

Регулаторната комисија за енергетика имајќи го во предвид Правилникот ги утврди следните оперативни трошоци за регулираниот период 2026 година:

- Трошоците за материјали, резервни делови и ситен инвентар се пресметани врз основа на остварените во 2025 година, зголемени за предвидената стапка на инфлација за 2026 година од 4%,
- Трошоците за тековно одржување се пресметани врз основа на остварените во 2025 година. зголемени за предвидената стапка на инфлација за 2026 година од 4%,
- Трошоците за осигурување се пресметани врз основа на остварените во 2025 година, зголемени за предвидената стапка на инфлација за 2026 година од 4%,
- Трошоците за бруто плати се утврдени за 160 извршители имајќи го во предвид нормираниот износ на бруто плати при утврдување на факторот на корекција за 2025 година, зголемен за предвидената стапка на инфлација од 4%,
- Трошокот за менаџерските плати и награди се прифатени согласно податоците од Барањето за 2026 година,
- Другите услуги се утврдени имајќи ги во предвид остварените трошоци од оваа група на трошоци во 2025 година, како и податоците од Барањето кои се однесуваат на 2026 година,
- Останатите и вонредните трошоци се пресметани имајќи го во предвид оствареното за 2025 година и бараниот износ на регрес за годишен одмор за 2026 година. Трошокот за регрес за годишен одмор е признаен соодветно на бројот на вработени согласно кој е утврден износот на бруто плати за 2026 година.

Предвидената стапка на инфлација е согласно податоците објавени од Народна Банка на Република Северна Македонија за 2026 година, во моментот на донесување на оваа одлука.

Амортизацијата на основните средства за 2026 година е утврдена во износ од 13.921.955 денари.

Приносот на сопствените средства за дејноста дистрибуција на топлинска енергија е прикажан во табелата подолу:

| Р.бр. | Опис | Единица мерка | 2026 година |
|---|---|---|---|
| **1.1** | **RAB start** | денари | **76.143.198** |
| 1.2 | Инвестиции во текот на годината | денари | 19.914.775 |
| **2** | **Одбитни ставки** | денари | **13.921.955** |
| 2.1 | Амортизација | денари | 13.921.955 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2.2 | Бесплатно добиени средства во текот на годината | денари | |
| 2.3 | Оттуѓени, расходувани и повлечени од употреба средства во текот на годината | денари | |
| **3** | **RAB end** | денари | **82.136.017** |
| **4** | **Просечен RAB (RABave)** | денари | **79.139.607** |
| **5** | **WACC** | % | **6,53** |
| **6** | **Принос на сопствени средства (RA)** | денари | **5.169.230** |

Пресметката на просечната пондерирана цена на капиталот (WACC) е прикажана во следната табела:

| **Р.бр** | **ОПИС И ОЗНАКА** | **Износ** |
|---|---|---|
| 1 | Сопствен капитал (%) | 60,00% |
| 2 | Долгорочен долг, Debt (%) | 40,00% |
| 3 | Цена на долг, Kd (%) | 5,21% |
| 4 | Стапка на поврат без ризик, Rf (%) | 2,12% |
| 5 | Цена на сопствен капитал, Ke (%) | 6,67% |
| 6 | Бета фактор неприлагоден | 0,32 |
| 7 | Бета фактор прилагоден | 0,51 |
| 8 | Премија за ризик, MRP | 8,89% |
| 9 | Стапка на данок на добивка, Tp (%) | 10% |
| **10** | **Пондерирана просечна номинална цена на капиталот пред оданочување, WACC (%)** | **6,53%** |

Структурата на капиталот е утврдена согласно Правилникот.

Вредноста на цената на долгот, Kd (%) е пресметана врз основа на долгорочните каматни стапки на денарските кредити во 2026 година објавени од страна на Народна банка на Република Северна Македонија.

Цената на сопствениот капитал претставува збир на стапката на поврат без ризик што претставува три годишен просек од стапките на поврат без ризик на Сојузна Република Германија со период на доспевање од 10, 15 и 30 години и Премијата за ризик на Република Северна Македонија која согласно податоците од базите на Дамодаран од 1 јануари 2026 година и истата изнесува 8,89% врз чија вредност се применува прилагодениот Бета фактор. Бета факторот неприлагоден се однесува на волатилоноста на сопствениот капитал карактеристична за секторот на услужни дејности во развиените пазари кој согласно податоците од базите на Дамодаран од  јануари 2026 година изнесува 0,32. Бета факторот прилагоден се добива како функција на Бета факторот неприлагоден и соодносот на долгот наспроти сопствениот капитал.

**Надоместок за системски услуги и системска резерва**

Трошокот за набавка на системски услуги и системска резерва за 2026 година изнесува 338.046.198 денари согласно Одлуката за определување на регулиран максимален приход за вршење на регулирана дејност производство на топлинска енергија и тарифен став за 2026 година на Друштвото за производство на топлинска енергија ЕСМ Производство на топлина ДООЕЛ Скопје УП1 бр. 08-402/25 од xx јули 2026 година.

**Надоместок за набавка на топлинска енергија**

Надоместокот за набавка на топлинска енергија (Nte) за 2026 година е предвиден да изнесува 1.794.886.973 денари. Надоместокот за набавка на топлинска енергија е определен согласно планираните количини на топлинска енергија на излез од дистрибутивниот систем, просечната цена на набавената топлинска енергија и надоместокот за покривање на загубите во дистрибутивниот систем.

Врз основа на претходно наведеното, надоместокот за набавка на топлинска енергија за 2026 година е презентиран во следната табела:

| **Опис** | **единица мерка** | **2026 година** |
|---|---|---|
| **Надоместок за набавка на топлинска енергија** | **денари** | **1.794.886.973** |
| Испорачана количина на топлинска енергија на излез од дистрибутивниот систем (Qisp) | kWh | 519.817.695 |
| Просечна цена на набавена топлинска енергија (Ps) | ден/kWh | 3,0471 |
| Набавена количина на топлинска енергија во дистрибутивниот систем | kWh | 589.050.864 |
| Топлинска енергија за покривање на загуби во дистрибутивен систем | kWh | 69.233.170 |
| Надоместок за покривање на загубите во дистрибутивниот систем | денари | 210.959.226 |

При планирање на набавените количини на топлинска енергија во дистрибутивниот систем, набавените количини од Друштвото за производство на топлинска енергија ЕСМ Производство на топлина ДООЕЛ Скопје за 2026 година е определено да изнесуваат 322.572.639 kWh, додека набавените количини од нерегулираниот производител на топлинска енергија изнесуваат 266.478.226 kWh.

Максималната продажна цена на топлинската енергија од нерегулираниот производител на топлинска енергија е утврдена согласно методологијата за утврдување на минимално потребната разлика меѓу регулираната цена за топлинската енергија на регулираниот производител и цена на производителите на топлинска енергија (за постројки за комбинирано производство на електрична и топлинска енергија со гасна и парна турбина).

При пресметка на максималната продажна цена на топлинска енергија од нерегулираниот производител на топлинска енергија цената на природниот гас е земено во предвид:

- цената на природен гас за регулираниот производител за 2026 година,
- коефициентот на ефикасност η кој е утврден да изнесува 89%,
- коефициент $\Delta Q$ со кој се изразува разликата помеѓу просечната специфична потрошувачка на природен гас на постројката при производство само на електрична енергија и просечна специфична потрошувачка на природен гас при комбинирано

производство на електрична и топлинска енергија согласно Правилникот е утврден да изнесува 0,628,

- фиксните трошоци утврдени на ниво од 15% од цената на топлинска енергија на нерегулираниот производител $P_p$ , $(P_p = \frac{P_{pg}}{\eta} \cdot \Delta_Q)$

Во следната табела се прикажани месечните цени на природниот гас на регулираниот производител и максималната продажна цена на топлинска енергија од нерегулираниот производител за 2026 година:

| Месец | Цена на ПГ со вклучени трошоци за пренос, балансирање и неутралност | Цена на ТЕ од нерегулираниот производител |
|---|---|---|
| јануари | 2,5757 | 2,0892 |
| февруари | 2,5420 | 2,0619 |
| март | 3,2369 | 2,6255 |
| април | 3,3039 | 2,6799 |
| октомври | 3,6512 | 2,9615 |
| ноември | 3,6059 | 2,9248 |
| декември | 3,5897 | 2,9117 |

Предвидениот процент на загуби на топлинската енергија во дистрибутивната мрежа за 2026 година изнесува 11,75%, при што загубите се признаваат врз основа на влезните количини на топлинска енергија во дистрибутивниот систем.

**Пренесени трошоци**

Пренесените трошоци за 2026 година се пресметани во согласност со Правилникот. Регулаторната комисија за енергетика определи пренесените трошоци (SPT) за 2026 година да изнесуваат 60.474.858 денари и истите се презентирани во следната табела:

| Опис | | 2026 година |
|---|---|---|
| **Вкупно пренесени трошоци (SPT)** | | **60.474.858** |
| 1 | Надомест за дистрибутивната мрежа | 59.118.727 |
| 2 | Регулаторен надоместок | 902.081 |
| 3 | Даноци кои не зависат од резултатот, членарини и други давачки | 454.050 |

**Фактор на корекција**

Факторот на корекција за 2025 година за ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје изнесува 41.913.531 денари. Друштвото има преостанат фактор на корекција од претходни години во износ од -485.630.714 денари со што вкупниот фактор на корекција изнесува -443.717.183 денари.

При пресметката на регулираниот максимален приход за дејноста дистрибуција на топлинска енергија за 2026 година, применет е 1/4 од вкупниот фактор на корекција во износ од -110.929.296

денари, а останатиот дел од факторот на корекција во износ од -332.787.887 денари, Регулаторната комисија за енергетика ќе го има во предвид при носење на следните одлуки за цени.

Оперативните трошоци за 2025 година за цели на факторот на корекција се утврдени на следниот начин:

- Трошоците за материјали, резервни делови и ситен инвентар се признаени согласно остварените во годината,
- Трошоците за тековно одржување се признаени согласно остварените во годината,
- Трошоците за осигурување се признаени согласно остварените во годината,
- Трошоците за бруто плати се утврдени за 160 извршители имајќи го во предвид соодносот во образовната структура на вработените и соодветно остварена просечна бруто плата во 2025 година.,
- Трошокот за менаџерските плати и награди се прифатени согласно податоците од Барањето за 2026 година,
- Другите услуги се задржи на ниво на утврдените за 2025 година,
- Останатите и вонредните трошоци се признаени соодветно на оствареното во 2025 година. Трошокот за регрес за годишен одмор е признаен соодветно на бројот на вработени согласно кој е утврден износот на бруто плати за 2025 година.

Трошокот за амортизацијата на основните средства и приносот на основните средства е задржан на ниво утврдено со одлуката од 2025 година.

Пренесените трошоци се признати соодветно на реализираните во 2025 година.

Надоместок за системски услуги и системска резерва е утврден соодветно на остварениот во 2025 година.

Трошокот за набавена топлинска енергија од регулираниот производител на топлинска енергија за 2025 година изнесува 798.403.061 денари за набавени 253.669.590 kWh. Трошокот за набавена топлинска енергија од нерегулиран производител на топлинска енергија за 2025 година е утврден да изнесува 748.301.409 денари за 303.648.600 kWh согласно на одобрената цена на природен гас за регулираниот производител и методологијата за утврдување на минимално потребната разлика меѓу регулираната цена за топлинската енергија на регулираниот производител и цена на производителите на топлинска енергија (за постројки за комбинирано производство на електрична и топлинска енергија со гасна и парна турбина).

Регулираниот максимален приход остварен од вршење на регулираната енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија за 2025 година, повторно пресметан со признаени наместо прогнозирани вредности ($MARK_{2025}$) изнесува 2.161.742.151 денари.

Вкупно остварениот приход за 2025 година ($R_{2025}$) изнесува 2.202.661.345 денари, согласно доставените податоци од бруто билансот за 2025 година.

Просечната пасивна каматна стапка, објавена од Народната банка на Република Северна Македонија изнесува 2,43% % за 2025 година.

Пресметката на регулираниот максимален приход остварен од вршење на регулирана енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија за 2025 година, повторно пресметан со признаени вредности, наместо прогнозирани ($MARK_{2025}$), е презентирана во следната табела:

| | ОПИС | Одлука 2025 година | $MARK_{t-1}$ ЕСМ Дистрибуција |
|---|---|---|---|
| 1 | Оперативни трошоци | 269.590.526 | 255.895.380 |
| 1.1 | Трошоци за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар | 79.770.926 | 56.599.750 |
| 1.2 | Трошоци за тековно одржување | 18.990.807 | 26.356.724 |
| 1.3 | Трошоци за осигурување | 490.000 | 201.285 |
| 1.4 | Бруто плати | 133.257.541 | 134.297.125 |
| 1.5 | Менаџерски плати и награди (1 менаџер) | 1.364.026 | 1.737.697 |
| 1.6 | Други услуги | 27.974.710 | 27.974.710 |
| 1.7 | Останати и вонредни трошоци | 7.742.516 | 8.728.089 |
| 2 | Амортизација | 11.764.329 | 11.764.329 |
| 3 | Принос на регулирани средства | 5.038.275 | 5.038.275 |
| 4 | Надоместок за дистрибуција на топлинска енергија за годината t (Nodst) | 286.393.130 | 272.697.983 |
| 5 | Надоместок за системски услуги и системска резерва | 199.528.010 | 51.398.004 |
| 6 | Пренесени трошоци (со концесија мрежа) | 48.226.484 | 48.126.336 |
| 7 | К фактор | -242.815.357 | -242.815.357 |
| 8 | Испорачани количина на топлинска енергија на излез од дистрибутивниот систем (Qisp) | 524.119.317 | 491.198.428 |
| 9 | Просечна цена на набавена топлинска енергија (Ps) | 2,8582 | 2,7753 |
| 10 | Набавени количини на топлинска енергија во дистрибутивен систем | 591.774.621 | 557.318.190 |
| 11 | Топлинска енергија за покривање на загуби во дистрибутивен систем | 67.655.304 | 66.119.762 |
| 12 | Надоместок за покривање на загубите во дистрибутивниот систем (Lte) | 193.370.057 | 183.499.720 |
| 13 | Потребни количини на влез во дистрибутивен ситем | | 557.318.190 |
| 14 | Надоместок за набавка на топлинска енергија (Nte = Qisp*Ps + Lte) | 1.691.389.810 | 1.546.704.470 |
| 15 | Неоправдани количини на Т.Е. за покривање на загуби поголеми од одобрените | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 16 | Неоправдани трошоци за покривање на загуби | | |
| 17 | КОРЕГИРАН РЕГУЛИРАН МАКСИМАЛЕН ПРИХОД | 2.468.352.790 | 2.161.742.151 |

Со примена на овие елементи согласно Правилникот, Регулаторната комисија за енергетика утврди вкупниот регулиран максимален приход за вршење на регулираната енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија за 2026 година се одобрува да изнесува 2.595.398.345 денари.

Имајќи го предвид горе наведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа одлука, може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**Претседател**
**на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги**
**и услуги за управување со комунален отпад**
**на Република Северна Македонија**
**Ацо Ристов**

**УП1 Бр.08-237/26**
**хх јули 2026 година**
**Скопје**